ЦЕНТРАЛЕН
ДЕПОЗИТАР
ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ
АД СКОПЈЕ

***Извештај за работењето на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје во текот на 2005 година***

**Скопје, март 2006**

***Вовед***

Во текот на 2005 Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје продолжи со вршењето на своите функции предвидени со Законот за хартии од вредност и Правилата за работа. Во извештајот особено ќе се потенцираат следните активности на Депозитарот во 2005 год:

- Тековно работење на Депозитарот
- Развој на компјутерскиот систем – имплементација на ново софтверско решение за порамнување на трговски трансакции во реално време и репо трансакции
- Набавка, инсталација, тестирање и префрлање на постоечкиот компјутерски систем на нов современ компјутерски систем.

## I. Активности од тековното работење на Депозитарот

Во рамките на тековното работење, во Депозитарот и натаму се спроведуваше непречено утврдувањето и порамнувањето на трансакции склучени на Македонската берза АД Скопје, водење на индивидуалните сметки за хартии од вредност, спроведување на нетрговски преноси на сопственост врз хартии од вредност и обезбедување на услуги за издавачите на хартии од вредност.

Во текот на 2005 г. со несмален интензитет беа доставуавни и барања за податоци од страна на овластени државни органи и институции, како Комисијата за хартии од вредност, надлежните судови, Антикорупциската комисија, Дирекцијата за спречување на перење на пари, Народниот правобранител, Јавното обвинителстви и Јавното правобранителство.

На почетокот на 2005 година беше реализирана обврската на Депозитарот за испраќање на акционерските книги во електронска форма на Акционерските друштва. Беа испратени 909 акционерски книги.

Непречено се одвиваше и редовното годишно известување на имателите на хартии од вредност со состојба на 31.12.2004 година. И во текот на годината имателите на сметки кои учествувале во трговските трансакции беа редовно известувани за настанатите промени.

Во текот на 2005 година беа извршени и неколку значајни корпоративни дејства на барање на Издавачите – поделба на акции, спојување на емисии, скрип дивиденди итн.

На крајот на 2005 година започна и подготовката за усогласување на работата на Депозитарот со новиот Закон за хартии од вредност од правен и од технолошки аспект.

## II. Статистички показатели од тековното работење на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје

### 1.Податоци за сопственици на акции и обврзници за денационализација

**Општи податоци**

Табелата содржи податоци за бројот на иматели на акции, обврзници за денационализација и државни хартии од вредност.

| | |
|---|---|
| Број на иматели на акции, државни записи, обврзници за денационализација | |
| Домашни физички лица | 183080 |
| Домашни правни лица | 2994 |
| Странски физички лица | 1390 |
| Странски правни лица | 211 |
| **Вкупно** | **187675** |

**Берзански трансакции**

Графиконот содржи податоци за берзанските трансакции со акции и обврзници за денационализација , во текот на 2005 година, по месец.



## Број на берзански трансакции

Табелата прикажува податоци за бројот на склучени берзански трансакции по брокерско друштво, во текот на 2005 година.

| Брокер | Бр на порамнети трансакции |
|---|---|
| КБ | 16288 |
| ТН | 7014 |
| ТК | 6047 |
| СБ | 4685 |
| МИ | 4309 |
| СЛ | 4058 |
| МК | 2903 |
| ФР | 2786 |
| БД | 2717 |
| БЛ | 1629 |
| ББ | 1608 |
| ЕУ | 1191 |
| ОХ | 1155 |
| ИЛ | 980 |
| ПТ | 758 |

Вкупниот број на порамнети берзански трансакции во 2005 година изнесува 29108.
Следниот графикон прикажува податоци за берзански трансакции по брокерско друштво, изразени во проценти.




Во следнава табела се прикажани податоци за износите на порамнување по брокерско друштво (банка**).** Податоците се изразени во денари.

| Брокер | Продажби | Купувања | Вкрстени трансакции |
|---|---|---|---|
| КБ | 2.710.422.908,50 | 3.436.013.997,00 | 1.868.500.050,50 |
| ТН | 985.707.369,00 | 1.732.067.585,50 | 526.324.053,50 |
| ТК | 693.617.801,50 | 723.084.277,50 | 332.196.900,00 |
| МИ | 897.575.513,00 | 519.095.273,00 | 237.050.752,00 |
| МК | 481.878.880,50 | 540.183.511,50 | 144.602.046,50 |
| СБ | 518.918.128,50 | 328.158.383,50 | 45.444.737,00 |
| ФР | 504.207.497,00 | 271.193.425,00 | 129.564.960,00 |
| СЛ | 213.477.390,50 | 291.371.012,50 | 16.982.080,00 |
| БЛ | 245.011.368,50 | 167.269.904,00 | 68.117.782,50 |
| ОХ | 216.838.642,50 | 154.096.594,00 | 87.696.657,50 |
| ИЛ | 209.118.414,50 | 143.935.177,50 | 41.864.490,00 |
| БД | 206.940.894,00 | 123.113.260,00 | 50.603.170,00 |
| ББ | 204.437.029,00 | 72.107.957,50 | 23.393.076,50 |
| ЕУ | 54.792.958,50 | 78.097.906,00 | 13.105.269,00 |
| ПТ | 53.560.698,50 | 62.314.228,00 | 3.530.116,00 |

Следуваат и графикони со процентуално учество на брокерските друштва.




Купувања
ФР 3%
ББ 1%
БД 1%
БЛ 2%
ЕУ 1%
ИЛ 2%
ТН 20%
КБ 40%
ТК 8%
СЛ 3%
СБ 4%
ПТ 1%
ОХ 2%
МК 6%
МИ 6%
ББ
БД
БЛ
ЕУ
ИЛ
КБ
МИ
МК
ОХ
ПТ
СБ
СЛ
ТК
ТН
ФР


Вкрстени трансакции
ФР 4%
ББ 1%
БД 1%
БЛ 2%
ЕУ 0%
ИЛ 1%
ТН 15%
ТК 9%
КБ 53%
ОХ 2%
МК 4%
МИ 7%
ББ
БД
БЛ
ЕУ
ИЛ
КБ
МИ
МК
ОХ
ПТ
СБ
СЛ
ТК
ТН
ФР

## Нетрговски преноси

Нетрговските преноси се спроведуваат директно во Депозитарот од страна на операторите на сметки или пак од страна на самите брокери при групни тргувања. Овие преноси се резултат на правни дела предвидени со законот како правни основи за нетрговски пренос на сопственост (наследство, подарок, компензација), судски одлуки, но и преноси по известувања на издавачите како корисници на услугите на Депозитарот, по основ на запишани и отплатени или неотплатени акции кон Агенцијата за приватизација. Прегледот го прикажува бројот на нетрговски преноси во 2005 г., по месец.




Во графиконот се прикажани податоци за сите спроведени нетрговски преноси по различни основи, од страна на операторите на сметки во ЦДХВ и од страна на брокерите при групни тргувања.

| Година | Наследство | Подарок | Компензација |
|---|---|---|---|
| 2005 | 1823 | 1335 | 233 |

Табелата содржи податоци за нетрговски преноси врз основа на подарок, компензација и наследство, на годишно ниво.

## Резервации

Со цел да се изврши идна продажба на хартиите од вредност, брокерот истите ги резервира, согласно овластувањето дадено од својот клиент, и со тоа се обезбедува дека хартиите од вредност ќе бидат продадени од страна на друг брокер. Графиконот кој следува, го прикажува бројот на регистрирани резервации во 2005 г., по месец.




**Број на резервации по брокерско друштво**

Во следната табела и графикон се прикажани бројот на резервации извршени од брокерските друштва во текот на 2005 година, за секое друштво посебно.

| **Брокер** | **Број на резервации** |
|---|---|
| КБ | 5669 |
| СБ | 2471 |
| СЛ | 2248 |
| ТК | 2000 |
| МИ | 1656 |
| ТН | 1656 |
| ФР | 1305 |
| МК | 1180 |
| БД | 1165 |
| ББ | 1030 |
| ЕУ | 883 |
| БЛ | 591 |
| ОХ | 411 |
| ПТ | 391 |
| ИЛ | 174 |




## Работа со државни хартии од вредност

Во текот на 2005 година, Депозитарот ја имаше улогата на Регистар на Државните хартии од вредност, чиј Издавач е Министерството за финансии на Република Македонија. Во табелата која следи се прикажани податоци за активностите на Примарниот пазар на државни хартии од вредност:

| | |
|---|---|
| **број на емисии на тримесечни државни записи** | 25 |
| **број на емисии на шестмесечни државни записи** | 12 |
| **број на емисии на едногодишни државни записи** | 2 |
| **број на емисии на континуирани државни обврзници** | 2 |
| **вкупно запишана вредност на државните хартии од вредност** | 13.524.360.000,00 денари |

Согласно Планот за развој на ЦДХВ за 2005 година, воведено е ново решение за порамнување на трансакциите со државни записи, кое предвидува

порамнување во реално време, односно на денот на тргувањето. И ова решение започна да се применува во 2005г. На примената на овој вид порамнување претходеше регистрација на новите Учесници – деловните банки. Вкупно се регистрирани 22 банки, вклучително и Народната Банка на Република Македонија. Од Октомври 2005 е воспоставен и систем за порамнување на репо трансакции. Овие активности беа проследени и со донесување на Правна регулатива, во чие изготвување активно учество зема и ЦДХВ.

Во следнава табела се прикажани податоци за порамнувањето на трговските трансакции склучени на ОТЦ пазарот и порамнети во реално време.

| | |
|---|---|
| **број на трговски трансакции порамнети во реално време** | 23 |
| **Истргуван износ** | 196.629.654,50 денари |
| **Број на учесници во трговските трансакции** | 7 |

## 2.Податоци за обврзници по основ на старо девизно штедење

### Општи податоци

Во табелата која следи се прикажани податоци за вкупниот број на иматели на обврзници по старо девизно штедење, и нови иматели во 2005 година согласно доставените податоци од деловните банки.

| | |
|---|---|
| Број на иматели на обврзници од старо девизно штедење | |
| | |
| Домашни физички лица | 112.703 |
| Домашни правни лица | 277 |
| Странски физички лица | 3616 |
| Странски правни лица | 9 |
| | **116.605** |
| | |
| Институционални сметки | 39 |
| Број на овластувања | 3.026 |
| Број на штедни партии | 145.355 |
| | |
| Нови иматели на обврзници во 2005 год. | |
| | |
| Домашни физички лица | 3.230 |
| Домашни правни лица | 2 |
| Странски физички лица | 420 |

| | |
|---|---|
| Странски правни лица | 0 |
| | **3.652** |
| | |
| Број на штедни партии 2005 | 4.819 |

## Берзански трансакции

Во следниот графикон е прикажан преглед за берзанските трансакции по месец, и износот на трансакциите во евра.




## Број на трансакции по брокерско друштво

Во графиконот подолу, прикажан е бројот на извршени трансакции во 2005 г., по брокерско друштво.

| **Брокер** | **Број на трансакции** |
|---|---:|
| Мак Брокер | 1.435 |
| Комерцијална Банка | 1.201 |
| Тутунска Банка | 1.101 |
| Стопанска Банка | 833 |
| Охридска Банка | 322 |

| | |
|---|---|
| Битола Брокер | 292 |
| Силекс Банка | 263 |
| Тетекс Кредитна Банка | 152 |
| Фершпед Брокер | 119 |
| Бродил | 105 |
| Инвест Брокер | 105 |
| Уни Банка | 66 |
| Поштел Брокер | 38 |
| Илирика Инвестментс | 20 |
| Еуро Брокер | 6 |

**Број на штедни партии доставени од страна на деловните банки во текот на 2005 година**

Следната табела и графикон содржат податоци за доставените штедни партии од страна на деловните банки, по месец, за 2005 година.

| Месец | Број на штедни партии | Износ (Евра) |
|---|---|---|
| 1 | 325 | 506.824,45 |
| 2 | 301 | 384.312,44 |
| 3 | 305 | 209.350,72 |
| 4 | 359 | 399.726,08 |
| 5 | 308 | 625.461,48 |
| 6 | 326 | 963.217,04 |
| 7 | 381 | 522.825,65 |
| 8 | 396 | 822.388,04 |
| 9 | 409 | 736.252,90 |
| 10 | 284 | 458.102,75 |
| 11 | 207 | 378.678,41 |
| 12 | 218 | 199.220,66 |
| Вкупно | **3.819** | **6.206.360,62** |




Графиконот и табелата прикажуваат податоци за доставените штедни партии од страна на деловните банки, по што се отвораат нови сметки на сопствениците на обврзници.

## Нетрговски преноси на сопственост

Графиконот подолу, содржи податоци за преносите на хартии од вредност на институционални сметки, односно исплати со хартии од вредност кои се исплатуваат на државни институции согласно Законот за начинот и постапката на исплатување на депонираните девизни влогови на граѓаните по кои гарант е Република Македонија.



Следниот графикон, содржи податоци за бројот на нетрговски преноси спроведени во Депозитарот врз основа на подарок, наследство, компензација и сл.




## Резервации на обврзници за идна продажба

Следниот, го прикажува бројот на резервации на обврзници по старо девизно штедење, кои ги извршиле брокерските друштва за идна продажба во текот на 2005 година, по месец.




## Број на резервации по месец по брокерско друштво


Битола Брокер
број на резервации
35
30
25
20
15
10
5
0
9 11 10 18 23 26 31 33 19 17 14 13
1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 11 12
месец


Бродил
Број на резервации
18
16
14
12
10
8
6
4
2
0
10 16 3 10 17 12 6 3 6 5 9
1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 11
Месец


УНИ Банка
Број на резервации
10
8
6
4
2
0
4 3 4 5 5 4 3 6 1 7 3 9
1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 11 12
Месец


Еуро Брокер
Број на резервации
2,5
2
1,5
1
0,5
0
2 2 2 2 2
1 2 3 4 5
Месец


Фершпед Брокер
Број на резервации
16
14
12
10
8
6
4
2
0
3 5 5 4 9 14 2 4 1 5 5 8
1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 11 12
Месец


Илирика Инвестментс
Број на резервации
5
4
3
2
1
0
4
Месец 12


Комерцијална Банка
Број на резервации
80
70
60
50
40
30
20
10
0
39
45
38
73
64
64
48
49
39
40
34
72
1
2
3
4
5
6
7
8
9
10
11
12
Месец


Инвест Брокер
Број на резервации
10
8
6
4
2
0
4
3
9
5
9
6
1
3
4
1
5
02
03
04
05
06
07
08
09
10
11
12
Месец


Мак Брокер
Број на резервации
80
70
60
50
40
30
20
10
0
40
44
41
76
66
71
65
42
36
63
47
68
01
02
03
04
05
06
07
08
09
10
11
12
Месец


Охридска Банка
Број на резервации
Месец
01 02 03 04 05 06 07 08 09 10 11 12
10 20 18 30 31 20 40 27 23 26 35 37


Поштел Брокер
Број на резервации
Месец
01 04 06 07 10 12
2 1 1 1 4 3


Стопанска Банка
Број на резервации
Месец
01 02 03 04 05 06 07 08 09 10 11 12
54 58 36 73 43 57 70 51 29 39 55 78










# III. Други активности на Централниот депозитар во 2005 година

Покрај редовните работи согласно Законот за хартии од вредност и Правилата за работа, Централниот депозитар во 2005 година изврши и усогласување со новиот Закон за трговски друштва. Имено, на петтото годишно собрание извршено е усогласување на Статутот на Централниот депозитар со одредбите од Законот за трговски друштва, избран е нов состав на Надзорниот одбор, кој, согласно одредбите од новиот Статут, изврши и избор на членови на Управниот одбор.

Покрај ова, зголемена е соработката со Народна банка на Република Македонија во поглед на размена на податоци и евидентирање на нови емисии на примарниот пазар на државни хартии од вредност. За таа цел развиен е и нов модел на порамнување на трансакции во реално време.

Во поглед на соработката со Министерството за финансии за одбележување е потпишувањето на Договорот за соработка со дефинирање на цените на услугите кои Централниот депозитар ги дава на Министерството во месец март 2005 година. Во декември 2005 година потпишан е и Анекс кон тој договор, со кој, во целост се дефинирани сите обврски на Министерството за финансии кон Централниот депозитар за изминатите четири години во износ од 8.914.039,00 ден. Истиот износ беше и платен од страна на Министерството за финансии на 23.12.2005 година.

Исто така, на 05.04.2005 година беше потпишан и Анексот кон Договорот за продажба на деловен простор и деловниот простор беше платен на истиот ден, со што Централниот депозитар стана сопственик на деловниот простор каде и ја обавува својата дејност.

На крајот на 2005 година беше извршена набавка, инсталација и тестирање на нов современ компјутерски систем кој го замени постоечкиот систем. Истово е направено поради брзиот развој на компјутерската технологија кој овозможи замена на постоечките сервери со многу побрзи и подоверливи сервери. Извршена е замена на апликацискиот сервер и серверот со базата на податоци, со што во моментов брзината на пристап до податоците е значително зголемена. И постоечките сервери останаа во функција, со поделба на сервисите и функциите низ повеќе сервери. На овој начин постигната е поголема сигурност и редундантност во случај на евентуални дефекти ма компјутерската опрема.

Скопје, Февруари 2006